Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
03-222/1
19.02.25

Врз основа на член 3, 4, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 46, 47, 48, 49 и 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Сл.весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и Сл.весник на РСМ бр.101/19, 275/19 и 122/21); Одлуката за продажба број 02-1564/8 од 20.11.2024 година донесена од Управниот Одбор на ЈП Охридски Комуналец Охрид на ден 20.11.2024 година; Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба број 08-14468/9 од 04.12.2024 година, донесена од Советот на општина Охрид на ден 04.12.2024 година, Извештаите за извршена процена на пазарна вредност на транспортни средства со број 03/1556/2, 03/1556/3, 03/1556/4, 03-1556/5 и 03-1556/6 сите од ден 26.11.2024 година изготвени од овластен проценител ПРИМА ТИМ ДОО Охрид, Комисијата за продажба на движни ствари –возила– како старо железо, сопственост на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид формирана од Градоначалникот на општина Охрид со Решение број 09-937/1 од 24.01.2025 година да ја спроведе постапката за продажба на движни ствари возила како старо железо сопственост на ЈП Охридски Комуналец Охрид по пат на електронско јавно наддавање дава

**ОБЈАВА БР.01/2025**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ-ВОЗИЛА КАКО СТАРО ЖЕЛЕЗО –ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(прв пат)**

## I ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање е продажба на следните движни ствари-возила како старо железо:

1. Транспортно средство – Товарно возило ФАП N3, со регистарска ознака ОН 965 BS, марка ФАП, број на шасија 77763, број на мотор 112746, година на производство 1980, сила на моторот 145 kw, работна зафатнина на моторот 8280 см3, боја на каросерија жолта/6А, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба
Почетна цена: 63.240,оо денари

2. Транспортно средство - Товарно возило Мерцедес Бенз, со регистарска ознака ОН 0722 АВ, марка Мерцедес, тип Спринтер 311 CDI, број на шасија WDB9036111R490950, број на мотор 611981, година на производство 2003, сила на моторот 80 kw, работна зафатнина на моторот 2148 см3, боја на каросерија портокалова 61, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба
Почетна цена: 27.336,оо денари

3. Транспортно средство – ПМВ Renault Kongoexpress, со регистарска ознака ОН 569 CD, марка Renault, тип Kongoexpress 1.2l, број на шасија VF1FC0AAF21149763, број на мотор F434200, година на производство 1999, сила на моторот 43 kw, работна зафатнина на моторот 1149, боја на каросерија бела/01, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба
Почетна цена: 10.710,оо денари

4. Транспортно средство – ПМВ Seat Arosa, со регистарска ознака ОН 749 CB, марка Seat, тип Arosa 1.0 l, број на шасија VSSZZZ6HZWW021590, број на мотор 188087, година на производство 1998, сила на моторот 37 kw, работна зафатнина на моторот 999 см3, боја на каросерија бела/01, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба
Почетна цена: 9.925,оо денари

5. Транспортно средство – Товарно возило ФАП N3, со регистарска ознака ОН 544 BK, марка FAP, тип 1620 BD 45 MIN.AS, број на шасија 103815, број на мотор 2F113B 149094/19/8196M5, година на производство 1987, сила на моторот 147 kw, работна зафатнина

на моторот 11040 см3, боја на каросерија портокалова/71, возилото не е регистрирано и не е во возна состојба

Почетна цена: 58.140,оо денари

-Движните ствари се продаваат поединечно,не се регистрирани и не се во возна состојба

-Стварите се продаваат по системот видено-купено, дополнително рекламации не се примаат

-Минималниот чекор на зголемување на понудата е без ограничување

-Секое заинтересирано лице може да побара да направи увид на движните ствари – возила на продажба по претходно закажување на тел. 070/781-883 секој работен ден од 11.00 до 13.00 часот. Лице за контакт: Тодор Ропчев

-Понудувачот може да поднесе понуда/пријава за учество во постапката за предметот на продажба на начин и во согласност со условите од оваа објава

## II ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на движни ствари на територијата на РСМ согласно со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата, подетално утврдени во точка III.

## III УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

За учество во електронското јавно наддавање заинтересираните учесници електронски поднесуваат Пријава (понуда) која треба да ги содржи сите податоци и докази – прилог документи утврдени во Објавата за електронско јавно наддавање. За да може да се поднесе Пријава (понуда) заедно со условите утврдени во објавата секое заинтересирано физичко или правно лице треба претходно да се регистрира на интернет страницата www.e-stvari.mk

Електронското јавно наддавање се врши преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Заедницата на единиците на локалната самоуправа ЗЕЛС.

## IV ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ / ДОКАЗИ ЗА УЧЕСТВО

Сите документи односно доказите кои е потребно да се достават, понудувачот ги прикачува во системот www.e-stvari.mk, во скенирана копија на оригиналот во PDF формат и тоа:

**1.Пријава** (понуда) за учество на јавното наддавање со наведување / означување на бројот на објавата –лично потпишана од учесникот (одговорното лице) или од него овластено лице со прилог овластување за потпишување која содржи податоци за подносителот на пријавата: назив на правното лице/име и презиме на физичкото лице кое е подносител на понудата/пријавата за учество, адреса/седиште/живеалиште, ЕДБ и ЕМБС за правни лица / ЕМБГ за физички лица, телефон за контакт, лице за контакт, податоци за одговорно лице – име и презиме (управител), банка во која е депонент и жиро сметка /трансакциска сметка во банката, **задолжително напишана e-mail адреса на подносителот на пријавата.**

**2.Банкарска Гаранција за сериозност на понудата изнесува 3.000,оо денари за секое возило поединечно.**

Банкарската гаранција треба да биде со времетраење од најмалку 30 (триесет) дена сметано од крајниот рок за поднесување пријави.

Во случај на прекин/мирување на постапката, Комисијата може да побара од понудувачот во определен рок да ја продолжи важноста на банкарската гаранција. Доколку понудувачот не ја продолжи важноста на банкарската гаранција неговата Пријава (понуда) ќе биде отфрлена

како неприфатлива и несериозна, без разлика во која фаза на постапката се наоѓа понудувачот како учесник во постапката.

Понудувачот е должен до крајниот рок за поднесување на Понуди/пријави определен во оваа објава, банкарската гаранција за сериозност на понудата да ја достави во писмена форма во оригинал по пошта или лично во архивата на ЈП Охридски Комуналец Охрид, седиште Нов Расадник бб, Охрид, во рокот определен за поднесување на пријавата со назнака "За Комисијата за продажба на движни ствари –возила– како старо железо"- Јавна Објава бр.01/2025 со назнака "НЕ ОТВОРАЈ", а истата треба да ја прикачи во скенирана форма во PDF формат или во електронска верзија и на електронскиот систем заедно со поднесување на Пријавата за учество со останатите потребни документи.

Банкарската гаранција треба да биде издадена во македонска валута (денари) од банка која работи и врши банкарски активности во РСМ.

Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на одржувањето на јавното наддавање а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната во јавното наддавање.

Банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе се наплати доколку:

- избраниот најповолен понудувач во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на писменото известување за избор не ја уплати понудената последна цена на електронското јавно наддавање,
- избраниот најповолен понудувач нема да го склучи договорот за продажба,
- избраниот најповолен понудувач одбие или не достави нова банкарска гаранција со која го продолжува времетраењето на претходната гаранција доставена од понудувачот во постапката.

Во случај на наплата на банкарската гаранција понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните движни ствари.

Напомена:

Секоја Пријава (понуда) која не содржи гаранција за сериозност на понудата или содржи гаранција за сериозност на понудата која не е во согласност со условите од објавата, ќе биде отфрлена и понудувачот нема да учествува на електронското јавно наддавање.

Недоставувањето на банкарската гаранција во писмена оригинална форма и во рокот определен за поднесување на пријава на адресата: ЈП Охридски Комуналец Охрид, седиште Нов Расадник бб, Охрид, ја прави понудата неприфатлива и истата ќе биде одбиена, односно понудувачот нема да учествува на електронското јавно наддавање.

**3. Доказ за идентитет**

Подносителот на Пријавата (понудата) кон Пријавата задолжително треба да поднесе:

- За правно лице се доставува писмен доказ издаден од надлѝжен орган/институција дека е регистриран како правно лице - Тековна состојба, документото го издава Централен регистар на РСМ, документот да не е не постар од 6 (шест) месеци сметано station наназад од крајниот рок за поднесување на Пријавите за учество;
-За физичко лице доставува фотокопија од лична карта на понудувачот;
-Е-маил адреса на подносителот на пријавата преку која ќе се врши постапка на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничкото име и шифра за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање;
-Изјава за прифаќање на условите што се дадени во објавата;
-Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице кај понудувачот;
-Пријавата за учество со бараните докази за исполнување на условите од објавата се поднесуваат електронски преку системот www.e-stvari.mk скенирани во оригинална форма

(препорачливо во pdf формат), освен банкарската гаранција за сериозност на понудата која освен електронски задолжително се доставува и оригинал и во писмена форма.

Напомена:

Пријавите кои нема да бидат комплетирани со овие докази нема да учествуваат во наддавањето за што ќе бидат известени по електронски пат.

Образецот на Пријавата (понудата), образецот на Изјавата со која понудувачот изјавува дека ги прифаќа условите дадени во објавата и образецот на Изјавата за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице кај понудувачот, може да се преземат од интернет страницата www.e-stvari.mk со објавата на општина Охрид.

## V РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ И НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

**Документацијата за учество на електронското јавно наддавање учесниците електронски ја доставуваат најдоцна до 08.03.2025 година до 16 часот.**

**Објавата трае 12 дена , почнувајќи од 24.02.2025 година, заклучно со 08.03.2025 година до 16 часот.**

Документите се прикачуваат електронски на софтверот/интернет страницата **www.e-stvari.mk**

Потенцијалните подносители на пријави за учество во електронското јавно наддавање согласно објавата, доколку сакаат да учествуваат на истото, имаат обврска да се регистрираат со внесување на корисничко име и лозинка и да ја прикачат уредно домунетацијата која е предвидена во објавата на интернет страницата **www.e-stvari.mk** во дадениот рок.

На подносителите на пријави кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање согласно со објавата, ќе им биде овозможено учество на аукцијата со корисничко име и лозинка кои претходно ги внесле при креирање на сопствените кориснички сметки на нивните е-маил адреси.

На подносителите на пријавите кои што нема да бидат комплетни со бараните докази нема да им се дозволи да учествуваат во јавното наддадавње за што ќе бидат известени по електронски пат.

## VI ПОЧЕТНА ЦЕНА

Почетните цени на движните ствари предмет на продажба се дадени во точка I на оваа Објава.

## VII ДАТУМ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

**Електронското јавно наддавање ќе се одржи на интернет страницата www.e-stvari.mk, на ден 12.03.2025 година со почеток во :**

- За точка 1, од 11.30 часот;
- За точка 2, од 12.00 часот;
- За точка 3, од 12.30 часот;
- За точка 4, од 13.00 часот;
- За точка 5, од 13.30 часот;

## VIII НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Постапка за електронско јавно наддавање ја спроведува Комисијата за спроведување на постапка за продажба на движни ствари – возила – како старо железо, сопственост на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид.

Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали тие се доставени во определениот рок и дали се комплетирани согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат.

На подносителите на пријавите кои се комплетни, комисијата им одобрува пристап до електронските аукции со корисничко име и лозинка за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

Подносителите на пријави кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање согласно со објавата, ќе им биде овозможено учество на аукцијата со корисничкото име и лозинка кои претходно ги внеле при креирање на сопствените кориснички сметки.

Јавното наддавање ќе се одржи доколку учесниците ги исполнуваат условите дадени во објавата. Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја прифати почетната цена.

Јавното наддавање започнува со објавување на почетна цена на предметите за продажба и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. Во првите 5 (пет) минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на движните ствари, предмет на продажба. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните 2 (две) минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддадавње се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од 2 (две) минути има нова понуда.

Доколку во првите 5 (пет) минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддадавње, вредноста на предметот на продажба се намалува за 2 % по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат односно зголемувааат цената без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување. Доколку во истекот на последните 2 (две) минути од вторите 5 (пет) минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддадавање се продолжува за уште 2 (две) минути , а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда. Доколку во времетраење од 5 (пет) минути повторно нема понуда, вредноста на предметот на продажба повторно се намалува за 2 % од првичната проценета вредност.

Намалувањето на вредноста на движната ствар во текот на наддавањето, доколку станува збор за објава по прв пат, може да биде најмногу до 30 % од проценетата вредност без разлика колку понудувачи се јавиле на јавното наддавање.

Намалувањето на вредноста на движната ствар во текот на наддавањето, доколку станува збор за објава по вторпат може да биде најмногу до 30 %, доколку на јавното наддавање се пријавил само еден заинтересиран учесник, а доколку се пријавиле двајца или повеќе ушесници, намалувањето на вредноста на движната ствар може да биде до најмногу 50 % од проценетата вредност.

За најповолен понудувач се смета учесникот во јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за движната ствар.

По завршувањето на јавното наддавање Комисијата изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на електронското јавно наддавање.

Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на писменото известување за избор да ги уплати средствата кои ги понудил на електронското јавно наддавање на сметката на ЈП Охридски Комуналец Охрид број 250-0001000731-68, деп. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, со цел на дознака Купопродажба на движни ствари согласно понудената конечна цена за предметната движна ствар, а доколку не ги уплати средствата во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договор и банкарската гаранција ќе му биде активирана, а исто така понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно наддавање за предметните движни ствари.

По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од 15 (петнаесет) работни дена по извршенатаа уплата на понудената цена, Директорот на ЈП Охридски Комуналец Охрид ќе склучи Договор за купопродажба во писмена форма согласно одредбите од Законот за облигациони односи кој особено ги содржи основните елементи: страни на договорот, предмет на договорот, податоци за предметот на продажба, обврска на понудувачот за плаќање на нотарските трошоци, обврски на договорните страни и др.

По склучувањето на Договорот, понудувачот, а подоцна во својство на купувач по склучениот договор, во рок од 30 дена истиот го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација. Трошоците за солемнизација ги плаќа понудувачот-купувачот, односно учесникот кој на јавното наддавање понудил највисока цена за движната ствар и со кој се склучува Договорот за продажба.

Договорниот орган го задржува правото да направи измена и/или дополнување на оваа објава.

## IX ПРАВНА ЗАШТИТА

Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното електронско наддавање, во рок од 3 (три) дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот се решение во рок од 5 (пет) дена од приемот на приговорот. Против решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапшка и постапка од работен однос во втор степен.

## X ДОПОЛНИТЕНИ ИНФОРМАЦИИ

Повеќе информации поврзани за објавата може да се добијат кај членовите на Комисијата за продажба на движните ствари; во Сектор Механизација при ЈП Охридски Комуналец Охрид, ул.АСНОМ, бб или на е-маил: ohridkom@t.mk

Телефон за контакт: 070/781-883

Комисија за спроведување на постапка
за продажба на движни ствари,

**ИЗЈАВА**

за прифаќање на условите и барањата од Објавата  број 01/2025 објавена од ЈП Охридски Комуналец Охрид за продажба на движни ствари –возила– како старо железо,  сопственост на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид

Јас, _______________________________________________________

(име и презиме на одговорно лице (управител) на правното лице или име и презиме на физичкото лице)

од ____________________ со адреса на ул./седиште ______________________________________,

под морална, материјална и кривична одговорност со потпишувањето на оваа Изјава доброволно ИЗЈАВУВАМ дека ги прифаќам во целост условите и барањата во Објавата број 01/2025 година објавена од ЈП Охридски Комуналец Охрид за продажба на движни ствари –возила– како старо железо,со електронско јавно наддавање.

Место и датум,  Изјавил/Понудувач,

__________________  ___________________________

**ИЗЈАВА**
**за давање согласност за користење и обработка на лични податоци на понудувачот и одговорното лице на понудувачот**

Јас, ______________________________________________________

(Име и презиме на одговорно лице (управител) на правното лице или Име и презиме на физичкото лице)

од ___________________ со адреса на ул./седиште ___________________________________,

под морална, материјална и кривична одговорност со потпишувањето на оваа Изјава доброволно ИЗЈАВУВАМ дека давам изречна согласност ЈП Охридски Комуналец Охрид односно Комисијата за продажба на движни ствари –возила– како старо железо, сопственост на ЈП “Охридски Комуналец” Охрид да може да ги користи, обработува и чува моите лични податоци ( и личните попдатоци на правното лице) заради учество во постапката на ЈП Охридски комуналец Охрид по Објавата број 01/2025 година за продажба на движни ствари –возила– како старо железо,со електронско јавно наддавање.

Место и датум,

_________________

Изјавил/Понудувач,
(физичко лице односно управител на правното лице)

__________________________

До

Комисија за спроведување на постапката за продажба на движни

ствари -возила како старо железо сопственост на ЈП Охридски Комуналец Охрид

# П Р И Ј А В А

| Податоци за Подносителот на Пријава | **Име и презиме ( за физичко лице**-домашно или странско) | **Назив на правното лице (правно лице** – домашно или странско) и име и презиме на управителот |
|---|---|---|
| | | |
| Адреса од лична карта ( за физичко лице) | | |
| ЕМБС ( за правно лице) | | |
| Седиште на правното лице ( за правно лице) | | |
| Податоци за контакт ( телефон и е-маил адреса – задолжително) | | |

Се пријавувам за учество на електронско јавно наддавање за продажба на движни ствари по пат на електронско јавно наддавање согласно Објава број 01/2025 за продажба на движни ствари – возила како старо железо, ( заокружете реден број ):

1. Транспортно средство – Товарно возило ФАП N3, со регистарска ознака OH 965 BS, Понудена цена: ________________________ ден.
2. Транспортно средство - Товарно возило Mercedes Benz, со регистарска ознака OH 0722 AB, Понудена цена:_____________________ден.
3. Транспортно средство – ПМВ Renault Kongoexpress, со регистарска ознака OH 569 CD, Понудена цена:__________________ден.
4. Транспортно средство – ПМВ Seat Arosa, со регистарска ознака OH 749 CB, Понудена цена:__________________________ден.
5. Транспортно средство – Товарно возило ФАП N3, со регистарска ознака OH 544 BK, Понудена цена:__________________________ден.

Како прилог со оваа Пријава Ви ги доставуваме следните документи:

-Изјава за прифаќање на условите и барањата што се дадени во Објавата број 01/2025

-Изјавата за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице кај понудувачот,
-Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 месеци ( за домашни правни лица)
-Извод од регистрација од соодветен регистар од државата од која доаѓа ( за странски правни лица)
-За физички лица копија од лична карта или пасош

Со поднесување на пријавата ги прифаќам условите што се дадени во објавата.

Пријавите кои не се комплетирани со овие прилози нема да учествуваат на електронското јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени.

Место и датум, Понудувач,

__________________ ____________________________